БИМ
СВЕТИ НИКОЛЕ
ФАБРИКА ЗА ХИДРОИЗОЛАЦИСКИ МАТЕРИЈАЛИ

**П Р Е Д Л О Г**

Врз основа на член 333 од Законот за трговски друштва, Собранието на БИМ а.д. Свети Николе на седницата одржана на ден 22.05.2017 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
## за стекнување сопствени акции со откуп

**Чл.1**

Се одобрува стекнување на сопствени акции со откуп на најмногу една десетина од основната главнина на БИМ ад. Свети Николе (заедно со акциите што друштвото ги има стекнато претходно), по најниска цена од 6.000,00 ден. односно највисока цена до 12.400,00 ден. за една акција.

**Чл.2**

Окупот на акциите ќе се изврши во време кое што не може да биде подолго од 12 месеци од денот на донесувањето на оваа одлука.

Исплатата на средствата за откуп на сопствените акции ќе се врши од сметката на Друштвото.

Откупот на сопствените акции ќе се врши на Македонска берза на хартии од вредност преку овластена брокерска куќа.

**Чл.3**

За купувањето на акциите според член 1 од оваа Одлука ќе се издвојат средства од добивката од 2016 год. и акумулираната добивка.

**Чл.4**

Се овластува Одборот на директори да донесе Одлука за назначување на лице овластено во име на друштвото да ги превзема и врши потребните активности околу купувањето на акциите преку Македонската берза на хартии од вредност.

**Чл.5**

Купувањето на акции спротивно на оваа Одлука е ништовно.

**Чл.6**

Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за стекнување сопствени акции со откуп бр. 02-188/9 од 18.04.2016 година.

**Чл.7**

Оваа одлука стапува во сила со денот на нејзиното донесување.

Претседавач на Собрание на
акционери на БИМ а.д. Св.Николе